Одговор: До Уставниот суд, заклучно со датумот на одговор од барањето, поднесени се две иницијативи и по истите оформени се два предмети за оценување на уставноста на член 7 ставови 3 и 4 и оценување на уставноста на автентичното толкување на член 7 ставови 2, 3 и 4 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри.

По иницијативата поднесена од страна на Адвокатското друштво Поленак од Скопје оформен е предмет У.бр.273/24, а по поднесената иницијатива од Друштвото за приредување интернет игри на среќа ДРЖАВНА ЛОТАРИЈА-МОЗЗАРТ ДОО Скопје од Скопје, оформен е предмет У.бр.274/2024.

Предметите се во фаза на претходната постапка и преземени се потребните дејствија, односно побарани се податоци и известувања од Собранието на Република Северна Македонија и Владата на Република Северна Македонија кои се од интерес за водење на постапката. Откако претходната постапка ќе биде окончана, предметите ќе бидат ставени на дневен ред за одлучување којшто ќе биде објавен на официјалната веб-страна на Судот, на линкот: www.ustavensud.mk.